Б. ТЕНДЕРСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА НАБАВКА НА СТОКИ / ОПРЕМА / МАТЕРИЈАЛИ

Б.1 Покана за понуда

ПОКАНА ЗА ПОНУДА

РЕФ.БР. 05-1693

1. Црвен крст на Република Северна Македонија – Црвен крст на град Скопје ве поканува да доставите понуда за набавка на:

   i. 2 (два) електрични велосипеди

2. Мора да доставите понуда за барани артикли, со сите ставки, согласно спецификациите кои се дел од оваа покана. Понудите ќе бидат оценети за сите ставки заедно и ќе се избере фирма/добавувач кој ќе достави понуда која суштински ги исполнува барањата и е со најниска евалуирана цена.

   Вашата понуда согласно формуларот во прилог, треба да ја доставите на следната адреса/е-пошта: во хартиена форма се доставуваат по пошта на Ул. 11 Октомври 42а, 1000 Скопје, или по електронска пошта на е-пошта skopje.administracija@redcross.org.mk за: Црвен Крст на Република Северна Македонија – Црвен Крст на Град Скопје, со назнака: Понуда за Набавка на електрични велосипеди

3. Понудата треба да ја доставите на македонски јазик. Набавката ќе се спроведе во согласност со „Прописите за набавки на Светска Банка за финансирање на инвестициски проекти (ФИП) - набавки за ФИП за стоки, (Прописи), петто издание од септември 2023 година."

4. Краен рок за достава на понуди на наведената адреса или по електронска пошта е: 23.11.2026.

5. Понудата треба да се достави според следните упатства и во согласност со приложените Услови и правила за набавка.

   Вашата понуда треба да содржи пополнет и потпишан (електронски потпис доколку е доставена по електронска пошта):

   - Б.2 Образец на понуда (Прилог Б.2 кон Образецот на понуди е "Спецификација, услови и правила за испорака").

   Вашата понуда(и) треба да се достави според следните упатства.

   i. ЦЕНИ: Цените треба да бидат изразени во македонски денари (денари) со вклучен ДДВ и вкупни трошоци за испорака до крајната дестинација (магацин на Црвен

крст во Момин Поток ул. Момин Поток бб)

ii. ЕВАЛУАЦИЈА НА ПОНУДИ: Понудите за кои е утврдено дека суштински ги исполнуваат техничките и другитебарања ќе бидат оценети со споредба на вкупната цени согласно точка i. погоре.
При евалуација на понудите, Купувачот ќе ја одреди за секоја понуда евалуираната цена преку корекција на какви било аритметички грешки во понудата на следниов начин:

(а) кога има несовпаѓање помеѓу износите во бројки и зборови, за точен ќе се земе износот со зборови;

(б) кога има несовпаѓање помеѓу единечната цена и вкупната цена по ставка што произлегува од множење на единечната цена со количината, за точна ќе се земе единечната цена ;

Доколку добавувачот одбие да ја прифати исправката, неговата понуда ќе биде одбиена.

ДОДЕЛУВАЊЕ НА НАРАЧКА/ДОГОВОР: За најсоодветна понуда ќе биде избрана понудата која суштински ги задоволува барањата во Поканата за понуди и е со најниска евалуирана цена.

iii. ВАЖНОСТ НА ПОНУДАТА: Понудата треба да е со важност за период од четириесет и пет (45) дена од крајниот рок за достава а понуда(и) наведен во став 5 од оваа Покана за понуда.

Дополнителни информации може да се добијат на тел.02 3139578 или на мејл адреса skopje.administracija@redcross.org.mk Јулијана Блажевска

6. Инспекции и ревизии

7.1 Добавувачот ќе ги спроведе сите инструкции на Купувачот кои се во согласност со важечките закони на местото на испорака .

7.2 Добавувачот ќе дозволи и ќе осигура неговите подизведувачи и консултанти да дозволат, Банката и/или лицата назначени од Банката да ги прегледаат канцелариите на добавувачот и сите сметки и записи во врска со извршувањето на договорот и поднесувањето на понудата, и таквите сметки и евиденции да бидат ревидирани од ревизори назначени од Банката, доколку тоа го побара Банката.

Со почит,

Црвен крст на Република Северна Македонија –

Црвен крст на град Скопје